**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-191/4**
**Скопје,27.12.2023 година**

Записник од деведесет и четврта седница на Советот на Јавните обвинители на Република Македонија одржана на 27.12.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски -член
г-дин Антонио Јолевски- член
г-ѓа Светлана Жупаноска -член
г-дин Арбер Исаку- член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Кети Петкова -член
г-ѓа Фиданка Рајевска -член
г-ѓа Соња Симовска -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и четвртата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

**Дневен ред**

1. Давање мислење за пријавените кандидати на Огласот за именување на Јавен обвинител на Република Северна Македонија
2. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска истакна дека Советот на денешната седница треба да даде мислење за пријавените кандидати на огласот за избор на Јавен обвинител на Република Северна Македонија. Кажа дека мислењето треба да биде позитивно или негативно изготвено во писмена форма за сите пријавени кандидати. Истакна дека на огласот се имаат пријавено тројца кандидати и тоа јавниот обвинител Фатиме Фетаи, јавниот обвинител Љупчо Коцевски и јавниот обвинител Лидија Раичевиќ. Истакна дека членовите на Советот биле запознаени со приложената документација од страна на кандидатите и дека било констатирано за јавниот обвинител Фатиме Фетаи дека нема доставено уредна документација, поточно документите се некомплетни и од тие причини смета дека овој кандидат не треба да биде ставен на гласање. Воедно предлогот го стави на гласање, по што членовите едногласно донесоа заклучок, Советот на јавните

обвиниутели на РСМ, нема да пристапи кон гласање за кандидатот Фатиме Фетаи, поради не комплетна документација. Се помина на вториот кандидат јавниот обвинител Љупчо Коцевски. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и двежењето во кариерата на јавниот обвинител и воедно кажа дека има доставено уредна документација по што отвори дискусија за кандидатот Љупчо Коцевски.

Збор зема г-дин Ицет Мемети кој кажа дека сите членови на Советот се информирани по однос на огласот што го има објавено Собраниeто на РСМ, како и во однос на документацијата која ја имаат доставено кандидатите, а се со цел да се даде мислење кое е предуслов за понатамошно постапување на Собранието на РСМ при избор на Јавен обвинител на РСМ. Укажа на фактот дека за разлика од другите огласи на овој оглас се имаат пријавено мал број на кандидати и од овој број еден кандидат нема комплетна документација која се бара согласно законот. По однос на кандидатот Љупчо Коцевски даде свое мислење и кажа дека станува збор за кандидат кој долго време има работено како адвокат, потоа и како јавен обвинител, а сега ја извршува функцијата јавен обвинител во ЈОРСМ. Истакна дека пред две години за овој кандидат било дебатирано во Советот пред да биде избран за јавен обвинител во ЈОРСМ, и дека членовите на Советот имале високо мислење по однос на познавањето на правно-кривичната материја и по одсно на извршувањето на јавно обвинителската функција. Кажа дека станува збор за најсериозен кандидат кој треба да добие апсолутна подршка од страна на Советот на јавните обвинители на РСМ, и да добие позитивно мислење и воедно посакува овој кандидат да биде избран за Јавен обвинител на РСМ. Кажа дека е убеден дека кандидатот би можел да се носи со оваа функција, дека поседува менаџерски способности и може состојбите во Јавното обвинителство да ги сплоти и Јавното обвинителство да продолжи со квалитетно и стручно работење.

Г-дин Антонио Јолевски кажа дека кандидатот има одлични резултати во работењето, покрај стручноста која треба да се везе предвид при давањето на мислење, се цени и како комплетна личност која поседува организациони и менаџерски способности. Кажа дека станува збор за Јавен обвинител во ЈОРСМ, како највисока истанца во јавно обвинителската хирархија и кој треба да се грижи за целата организација на јавните обвинителства во РСМ. Кажа дека јавниот обвинител Љупчо Коцевски има работено како адвокат, дека бил јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Гостивар, а сега ја извршува функцијата во ЈОРСМ и дека веќе ги има поминато сите инстанци: Смета дека најдобро ги познава состојбите и работите во јавното обвинителство. Потенцираше дека кандидатот има коректни односи со сите јавни обвинител во РСМ и воедно кажа дека ќе даде поддршка за овој кандидат.

Г-дин Влатко Георгиевски кажа дека Јавниот обвинител на РСМ, е одговорен за општите состојби во врска со организирањето и извршувањето на функцијата во Јавнтото обвинителствои дека за својата работа одговара пред Собранието на РСМ. Кажа дека оваа законска одредба е предвидена во член 27 од Законот за Јавното обвинителство. Потенцираше дека има голема тежина за се секој кандидат пред да се одлучи да се кандидира за јавен обвинител на РСМ. Лично како член на Советот на јавните обвинители кажа дека треба да даде мислење, како и останатите членови на Советот и тоа не за нивно унапредување, туку за вршењето на функцијата Јавен обвинител на РСМ. Кажа дека согласно своето лично искуство како јавен обвинител што го има стекнато сите овие години наназад, го има и јавниот обвинител Љупчо Коцевски. Истакна дека кандидатот како јавен обвинител во ЈОРСМ, не само со успех ја извршува оваа функција, дека е и раководител на Одделението за мета податоци која што е исклучително тешка, одговорна и сложена работа која бара стручност и ажурност мерена во часови, а понекогаш и во минути. Потенцираше дека таа работа ја извршува сам во целата држава. Исто така кажа дека е и Претседател на Дисциплинската комисија во ЈОРСМ, член на Управниот одбор на АСЈО и сите овие активности како и останатите споредни активности кои што ги извршува јавниот обвинител, сами по себе зборуваат дека јавниот обвинител поседува извонредни организаторски способности и

дека ќе може со успешност да ја извршува функцијата Јавен обвинител на РСМ. Воедно кажа дека ќе ја подржи неговата кандидатура.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека станува збор за јавен обвинител кој има повеќе годишно искуство во иврщувањето на јавно обвинителската функција, кој истата стручно и квалитетно ја извршуваал како јавен обвинител во ВЈО Гостивар, како и сега како јавен обвинител во ЈОРСМ. Кажа дека станува збор за јавен обвинител со голем интегритет, углед и етичност. Истакна дека станува збор за јавен обвинител кој гради добри меѓучовечки односи, кој поседува одлични организаторски способности за да го раководи јавното обвинителство. Смета дека ги исполнува сите услови и со успешност ќе ја извршува функцијата јавен обвинител на РСМ.

Од како никој незема збор се помина на јавно гласање за кандидатот Љупчо Коцевски.

Г-дин Георгиевски Влатко даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Димитриевска Душица даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Жупаноска Светлана даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Исаку Арбер даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Соња Симовска даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Јолевски Антонио даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Мемети Ицет даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-дин Незири Ермон даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Кети Петкова даде ПОЗИТИВНО мислење
Г-ѓа Рајевска Фиданка даде ПОЗИТИВНО мислење

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија даде ПОЗИТИВНО мислење за кандидатот Љупчо Коцевски.**

Се помина на давање мислење за кандидатот Лидија Раичевиќ. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето во кариерата на јавниот обвинител и воедно кажа дека има доставено уредна документација по што отвори дискусија за кандидатот Лидија Раичевиќ.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кој кажа дека кандидатот Лидија Раичевиќ е јавен обвинител во ОЈО Скопје, дека е позитивно оценета и дека нема други податоци за овој кандидат. Смета дека во делот на организационите работи не би можела да одговори како што би одговорил јавниот обвинител Љупчо Коцевски од причини што неможел да види дека некаде ја извршувала функцијата како раководител во некоја институција и смета дека не ги поседува тие способности, а од друга страна соработката со останатите јавни обвинители која е многу важна и значајна за оваа функција смета дека не е на највисоко ниво по што е со мислење дека не би можела со успех да ја извршува оваа функција.

Г-дин Ицет Мемети кажа дека за овој кандидат како имаат постапувано членовите на Советот и дека нејзината работа се следела само од извештаите кои биле доставувани до Советот. Истакна дека за разлика од првиот кандидат за кој е уверен дека со успешност би ја извршувал функцијата јавен обвинител на РСМ, за овој кандидат не би можел да го дели истото мислење. Потенцираше дека колешката конкурирале неколку пати на огласи, и Советот и покрај тоа што имало позитивно мислење и оценка од страна Вишиот јавен обвинител, сепак Советот сметал дека јавниот обвинител Лидија Раичевиќ не требела да биде избрана или унапредена во повисоко јавно обвинителство. Воедно кажа дека во јавноста излегла информација дека предмет кој го водел овој кандидат паднал и дека не се работи само за еден предмет. Затоа смета дека овој кандидат не поседува добри квалитети за да ја извршува функцијата Јавен обвинител на РСМ. Воедно кажа дека неговото мислење по однос на овој кандидат ќе биде негативно.

Од како никој незема збор се помина на јавно гласање за кандидатот Лидија Раичевиќ.

Г-дин Георгиевски Влатко даде НЕГАТИВНО мислење
Г-ѓа Димитриевска Душица даде НЕГАТИВНО мислење
Г-ѓа Жупаноска Светлана даде НЕГАТИВНО мислење
Г-дин Исаку Арбер даде НЕГАТИВНО мислење
Г-ѓа Соња Симовска даде НЕГАТИВНО мислење
Г-дин Јолевски Антонио даде НЕГАТИВНО мислење
Г-дин Мемети Ицет даде НЕГАТИВНО мислење
Г-дин Незири Ермон даде НЕГАТИВНО мислење
Г-ѓа Кети Петкова даде НЕГАТИВНО мислење
Г-ѓа Рајевска Фиданка даде НЕГАТИВНО мислење

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија даде НЕГАТИВНО мислење за кандидатот Лидија Раичевиќ.**

Од како беа разгледани сите апликации на кандидатите пријавени по огласот за избор на Јавен обвинител на Република Северна Македонија, Советот согласно чл.63 ст.3 и чл.64 ст.3 од Законот за јавното обвинителство, достави мислења до Владата на Република Северна Македонија во писмена форма.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот трерба да донесе решение за неплатено отсуство на вработен во администрацијата во треаење од два месеца заклучно со 10.03.2024 година.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да донесе одлука за престанок на мандатот-функција член на Советот на јавните обвинители на РСМ за г-ѓа Јасна Жежова за времето за кое е избрана, како и решение со кое истата ќе продолжи да ја извршува функцијата јавен обвинител во ВЈО Штип. Едногласно од страна на членовите на Советот беше одлучено да се донесе одлука и решение за јавниот обвинител Јасна Жежова.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот за заклучи деведесет и четвртата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Душица Димитриеска